РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП.I.Бр. 18-48/
12 04 .2017 година
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/15, 192/15 и 53/16), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), постапувајќи по барањето на Тело за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК на ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО, , министерот за економија донесе:

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ОЦЕНА И ПОТВРДА НА ПОСТОЈАНОСТ НА СВОЈСТВАТА

1. СЕ ИМЕНУВА Телото за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК на ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО, за вршење на дејноста на оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, односно сертификација на градежните производи, почетна контрола на производниот погон и системот на фабричка контрола (FPC), континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), (2+) за потребите на сертификација, за градежните производи:

- бетон,
- агрегати.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Телото за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК, ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО, со седиште ул. Борис Трајковски бр. 111 – Скопје, застапувано од Управител Жанина Димитриевска, поднесе барање за издавање на Решение за именување на тело за оцена и потврда на постојаност на својствата.

Телото за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК на ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др.“ ДОО, кон барањето ги поднесе следните документи:

- Потврда за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија со број: 0809-50/150120160065876 од 01.11.2016 година;

- Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Македонија бр. 0805-50/1501201600700058 од 18.11.2016 година;

- Полиса за осигурување од општа одговорност од дејност за штети причинети на трети лица бр. 990000055706 со важност на осигурување до 06.05.2017 година од акционерско друштво за осигурување Триглав Осигурување АД - Скопје;

- Копии од обрасците М1/М2 за постојано вработениот стручен кадар: Илиевски Дарко, м-р по технички науки, Топаловска Анѓелевска Марјана, дипл. град. инж. по патишта и железници; Николовски Златко, дипл. град. инж. за хидроградба; Николовски Срѓан, дипл. град. инж. конструктивна насока; Чефиов Александар, дипл. инж. за хидроградба; Ѓорѓески Игор, дипл. инж. по геотехника; Депиновски Миодраг, дипл. град. инж. по патишта и железници; Петровски Пецо, дипл. град. инж. по патишта и железници ; Финдаковски Слободан, дипл. град. инж. конструктивна насока; Шопов Тони, дипл. град. инж. конструктивна насока; Богоевски Зоран, дипл. град. инж. за конструктивна насока; Групче-Тофоска Јасминка, дипл. инж. архитект; Маринов Ванчо, дипл. град. инж. конструктивна насока; Николовски Зоран, дипл. град. инж. по патишта и железници; Ристовска Менка, дипл. град. инж. конструктивна насока; Костадинов Љубиша, дипл. руд. инж;

- Договори за советодавни – консултантски услуги: Јане Црцаревски – советник/консултант; Коста Зекмановски – советник/консултант;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр. 0904-50/150120160021313 од 01.04.2016 година;

- Правилник за работа на Телото за непристрасност и рамнотежа на интереси – ТНРИ;

- Изјави за прифаќање на павила на однесување за непристрасност, доверливост и независност во работењето од: Топаловска Анѓелевска Марјана, дипл. град. инж. по патишта и железници; Николовски Златко, град. инж. конструктивна насока; Николовски Срѓан, град. инж. конструктивна насока; Чефиов Александар, дипл. инж. за хидроградба; Ѓорѓески Игор, дипл. инж. по геотехника; Петровски Пецо, дипл. град. инж. за ниска градба; Богоевски Зоран, дипл. град. инж. за висока градба; Групче-Тофоска Јасминка, дипл. инж. архитект; Депиновски Миодраг, дипл. град. инж. по патишта и железници; Николовски Зоран, дипл. град. инж. по патишта и железници; Шопов Тони, дипл. град. инж. конструктивна насока; Ристовска Менка; Маринов Ванчо, дипл. град. инж; Костадинов Љубиша, дипл. руд. инж; Коста Зекмановски – советник/консултант; Јане Црцаревски – советник/консултант;

- Изјава за независност на Тело за серетификација ТС ГЕИНГ КуК;

- Одлука за почитување на принципи и правила на однесување;

- Одлука за применување на принципи на постојано подобрување на квалитетот на услугите;

- Сертификат за акредитација бр. СТ-011 Тело за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК на ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО, акредитиран од Институтот за акредитација на Република Македонија согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012. Прилог кон сертификатот за акредитација на тело за сертификација на производи е опсегот на акредитација.

- Изјава за независност на тело за сертификација ТС ГЕИНГ КуК (бр.03-2794/1 од 23.12.2016)

Тело за сертификација на градежни производи ТС ГЕИНГ КуК на ДГПУ „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО, треба да го известува Министерството за економија условите од членот 35 ставите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8,) (9), (10), (11,) (12), (13), (14) и (15) и член 41 од Законот за градежните производи, најдоцна 30 дена од денот на престанување на исполнување на условите.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Driton Kuqi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- подносител на барањето
- архива

Изработил: Љубомир Митров
Контролирал: д-р Борка С. Герасимовска
Билјана Мицковска
Согласен: Блерим Златку
Одобрил: Анета Димовска